Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 99/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски, претседател на Управниот одбор на Детско ликовно студио "Свети Кирил и Методиј" - Битола ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека е основана жалбата на лицето Славчо Неделковски за текстот со наслов „Битолското детско ликовно студио се пребојува со асимилаторски бои", објавен на 16.03.2023 година во дневниот весник „Нова Македонија".**

**Комисијата едногласно одлучи дека се прекршени членовите 1 и 13 од Кодексот на новинарите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) Славчо Неделковски, претседател на Управниот одбор на Детско ликовно студио "Свети Кирил и Методиј" – Битола, поднесе жалба за текстот со наслов „Битолското детско ликовно студио се пребојува со асимилаторски бои", објавен на 16.03.2023 година.

Жалителката наведува дека се прекршени членовите 1 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија, односно дека оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, односно вест и коментар. Воедно, жалителот укажува дека со објавувањето на текстовите се деградира улогата на Управниот одбор на Детското ликовно студио "Свети Кирил и Методиј" од Битола, кое е носител и на светски реномираниот детски ликовен бренд "Мал Битолски Монмартр".

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата стапи во контакт со дневниот весник „Нова Македонија" и побара да се изјасни по однос на наводите.

Во одговорот на адвокатското друштво Менинковски, во својство на правен застапник на „Нова Македонија" се вели дека ја оспоруваат поднесената жалба како неоснована, неразбирлива и неприфатлива и дека „текстот е објавен согласно етичките норми на новинарите и согласно правото на слободно изразување утврдено како во македонското законодавство, така и во член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи". Во одговорот исто така се вели дека заради рамнотежа во известувањето објавени се сите важни изјави од Управниот одбор на Ликовното студио и од Министерството за култура, како и дека „текстот е професионално обработен, со аналитички пристап и со подробни податоци."

Во однос на членот 13, во одговорот се наведува дека нема мешање на вест и коментар и се повикува на точка 13.3 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно одлучи дека во новинарскиот производ има повреда на членовите 1 и 13 од Кодексот на новинарите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 25 април, 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата за жалби одлучи дека има основа за да утврди прекршување на членот 1 од Кодексот, односно неточно и нефер известување и пристрасност при известувањето.

> Член 1
> „***Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.“***

Медиумот во текстот се повикува на информации од неидентификувани извори. Имено, во текстот медиумот се повикува на битолчани, без да наведе дали се работи за извори кои сакаат нивното мислење да го искажат анонимно.  На пример, околу посетата на Детското ликовно студио во Брисел медиумот известува на следниот начин: „Но она што паѓа в очи, па и ги плаши битолчани, се политичките игри што се играат околу детското ликовно студио.“ Натаму, во текстот се инсинуира и дека „... битолчани со право се прашуваат дали во посета на Брисел беа членови на студиото, кои се во најголем број деца, или млади граѓани по избор на Врабевски, кој со ваквите наводно филантропски проекти суптилно ги вовлекува децата во силно изматените води на политиката„.

Комисијата исто така најде прекршување на членот 13 односно утврди дека во новинарскиот текст се мешаат новинарските жанрови: вест и коментар, односно дека не се издвојуваат фактите и мислењата од ставовите на авторот на текстот.

> Член 13:
> „***Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот***.“

Карактеристичен пример за ова прекршување е следениот навод: „Според многумина битолчани, Битола и Македонија и надлежните институции не смеат да замижат пред ваквите политикантски игри што се играат околу студиото и неговото постоење, а особено каде што со умисла суптилно се инволвираат децата и повеќе млади луѓе во политикантски игри што реферираат на асимилирање на македонската младеж, на национална македонска деноминација, ретуширање на историјата и негирање на идентитетските белези на Македонците и македонската држава.“

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk    info@semm.mk    (02) 3222-595

Во текстот исто така се наведува дека „Но, сѐ поочигледно станува дека проектите што ги реализира студиото сѐ повеќе имаат политичка заднина, антимакедонска, негаторска на македонската национална историја, како и елементи на современа деноминација и асимилација на македонската младина.“

Комисијата оцени дека контекстуализирањето на дејноста на Детското ликовно студио во Битола со политичките и дипломатските односи на Република Северна со Република Бугарија односно влијанието на бугарската пропоаганда врз децата се претпоставка или перцепција, која не е поткрепена. Имено Комисијата, при одлучувањето, се повика на Насоките за етичко известување на онлајн медиумите (Примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата), на членот 13 односно точката 13.3 во која се истакнува:

> Точка 13.3
> „***Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темата***.“

Комисијата расправаше и околу евентуалното прекршување на членот 10 од Кодексот на новинарите особено околу делот на овој член што се однесува на тоа дека „***Новинарот нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…)***“. Имено, дел од членовите истакнаа дека во текстот се насетува линија на политизирање на дејствувањето на Детското ликовно студио, која се надоврзува со бугарските тенденции за влијание врз децата, кои се дел од Детското ликовно студио во Битола, што придонело да се формулираат новинарски констатации, кои содржат јазик на омраза или пак се со таква конотација. Според дел од членовите, насловот и самиот текст сугерираат дека секоја поддршка на лица и здруженија од бугарски фондови, сама по себе претставува асимилаторски чин.

Сепак, по расправата, Комисијата со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на членот 10.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595